# Програма:

1. Gary Schocker
   -Regrets and Resolutions

2. Louis Ganne
   -Andante and Schezzo

3. L. Van Beethoven -
   -32 Variations in c-moll

4. E. Grieg
   -Ballade- br.24



Наташа Трбојевиќ е родена во Штип. Музичкото образование го стекнува во Средното музичко училиште во Штип.Своето образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје во класата по пијано на проф. Лепша Пиперковска, магистрира во класата по пијано на проф.Евушка Трпкова Елезовиќ. Има освоено повеќе награди на натпревари по пијано .

Зема учество на семинари по пијано кај истакнати пијанисти; Тимакин, А. Валдма, Б. Романов, Јокут Михајловиќ, Д. Трбојевиќ и др.

Од 1988 година работи како проф.по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Била член на жири комисија на државни и меѓунардни натпревари за пијано и камерна музика.

Од 2007 година работи како уметнички соработник, а од 2016 како доцент на Музичката академија при УГД во Штип

Настапува како солист, како и со многубројни солисти, со пијано дуото Трбојевиќ – Настовски во земјата и странство.

Со флејтистката Златка Митева остварува успешни концерти во Касел, Германија, Музеј „Борис Христов“ во Софија, во „MC Gallery„ во Њујорк, фестивалот на народите „ Concertti del Tempietto„ во Рим, Италија, во Загреб, Хрватска, Србија, во МКЦ во Истанбул, Р.Турција, на манифестацијата „Петровденски конаци“ во Кочани, Уметничка галерија „Безистен“ во Штип, во Струмица, Тетово, Велес, Охрид и др.

Наташа Трбојевиќ е член на камерниот состав ТРИО АКАДЕМИКО и заедно со овој состав концертира на повеќе фестивали низ Македонија: “Св. Софија” во Охрид, Штипско Културно Лето, Скопско Лето, Музеј на град Скопје,Фестивалот Интервокс – Осијек во Хрватска, концерти во Белград и Нови Сад во Р. Србија, на Музичката академија „Франц Лист„ во Печ и Будимпешта, Унгарија, на Фестивалот “Солеи”во Созопол, Р. Бугарија, во МКЦ во Софија.

Добитник е на државната награда "Георги Божиков" и е почесен член на Фондацијата "Томислав Зографски"

2015 год издаде ЦД (Барокна музика за глас, труба и пијано) со. Васко Ристов и Благица Поптомова; Во 2017 година, издаде ЦД ( Музика за флејта и пијано од македонски автори ) заедно со флејтистката Златка Митева.

Во моментов, Наташа Трбојевиќ е вонреден професор на Музичката Академија на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.